# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2022 година

# СОДРЖИНА

**1. ЗА ИНСТИТУТ ПРЕСПА** **3**

*1. ИМЕТО* *3*

*2. ВИЗИЈА* *4*

*3. МИСИЈА* *4*

*4. ЦЕЛИ И СРЕДСТВА* *4*

*5. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ* *5*

**6. ПРОЕКТИ** **7**

**7. ИЗДАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ** **9**

**8. ИНСТИТУТ ПРЕСПА ВО МЕДИУМИТЕ** **10**

**9. ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА** **11**

*1. УПРАВЕН ОДБОР* *11*

*2. ЧЛЕНОВИТЕ НА ТИМОТ* *13*

*3. НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ* *14*

**4. ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД** **19**

# 1. ЗА ИНСТИТУТ ПРЕСПА

Институт ПРЕСПА е независен аналитички центар, think-tank, со седиште во Скопје, Северна Македонија, посветен на проучување, истражување и анализа на меѓународните односи и надворешната политика, како и на европските прашања и европеизацијата. Институтот се стреми да промозира знаење за тековната состојба во Северна Македонија и Западен Балкан, како и да учествува во дебатата и генерирањето на идеи за овие прашања на европско ниво.

Институтот има млад и динамичен тим на високо квалификувани и искусни аналитичари и широка мрежа на надворешни соработници, а се потпира и на учеството на исклучителни личности од јавниот живот поврзани со меѓународните односи и надворешната политика, како и со европските прашања и европеизацијата, економските и бизнис заедници, јавната администрација и академскиот, културниот и социјалниот сектор.

Институтот е основан како здружение на граѓани, од група на убедени европејци, а неговата организациска структура прави баланс помеѓу јавните и приватните интереси и ја поттикнува и негува размената на идеи во независно опкружување, обезбедувајќи простор за разновидни политички и општествени ставови. Највисокото раководно тело на институтот е Управниот одбор, кој е составен не само од членови на здружението, туку и други истакнати јавни личности од Северна Македонија.

Работата на Институтот се остварува преку широк спектар на публикации и извештаи, јавни настани организирани како обуки, курсеви, семинари, работилници, тркалезни маси, итн.

Истражувањата на Институт ПРЕСПА се структурирани по тематски и географски блокови.

## 1. ИМЕТО

Името на Институтот ПРЕСПА потекнува од Договорот од Преспа, односно од **Конечен договор за решавање на разликите, како што е опишано во резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации со број 817(1993) и 845(1993), за престанок на Привремената спогодба од 1995 година и воспоставување на Стратешко партнерство меѓу страните**[1], потпишан на 17 јуни 2018 година во селото Псарадес, Грција; поради значењето што договорот го има за Северна Македонија и политиките на кои ќе се фокусира институтот, како и нивното влијание врз нашата држава, Западен Балкан и пошироко во Европа.

[1] https://en.wikipedia.org/wiki/Prespa_agreement

## 2. ВИЗИЈА

Длабински истражувања кои водат до нови идеи за решенија на проблемите и нови политики на локално, национално и регионално ниво.

## 3. МИСИЈА

Динамична група аналитичари и истражузачи кои спроведуваат длабински истражувања за меѓународни и европски прашања кои влијаат на процесите и активностите на донесување одлуки и придонесуваат за европеизација на Северна Македонија и Западен Балкан.

## 4. ЦЕЛИ И СРЕДСТВА

Целите на Институтот ПРЕСПА се:

- Да биде независен истражузачки центар, без партиска агенда, способен да влијае врз размислувањето и политичкото делување од неговата локална реалност;
- Да биде независен истражузачки центар, способен да влијае на размислувањето и политичко дејствување преку својата локална реалност;
- Да биде одредиште во Скопје, Северна Македонија и Западниот Балкан за луѓето, институциите и компаниите кои работат во соодветната област или кои се заинтересирани за истата и да претставува референтна точка за истражувања, документација и специјализирани публикации за меѓународните односи и надворешната политика, европските прашања и европеизацијата;
- Да биде влијателен актер во развојот на политиките и меѓународните акции на локалните власти, Владата на Северна Македонија и земјите од Западниот Балкан, како и Европската унија;
- Да биде организација поврзана на регионално и европско ниво - со други водечки институти во соодветната област, како и преку својата експертиза и знаење да обезбеди учество во дебатата на европско низо како релевантен извор на знаење и анализа;
- Да учествува во меѓународни акции и да биде центар за подобрување на знаењето и извор на информации за јавните политики што ги засегаат обичните граѓани, придонесувајќи на тој начин кон демократија, безбедност, стабилност, слобода и солидарност низ целиот Западен Балкан.

Институт ПРЕСПА ќе ги постигнува своите цели преку:

- Истражување, анализа и предлагање алтернативни политики и решенија засновани податоци во релевантните области на дејствување, како и создавање и управување со различни бази на податоци од спроведените истражувања или документација;
- Помош при развојот на јавни политики засновани на докази и разбирањето на меѓународната соработка, како и придонес кон создавање на овозможувачка средина за развој на граѓанското општество и вмрежување со други организации и регионалната соработка;
- Организирање и испорака на обуки, курсеви, семинари, работилници, тркалезни маси и други форми на инструктажа, како и кампањи, промоции и други форми на дејствување.

## 5. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ

1. Да се зголеми разбирањето и да се конципира како глобализацијата влијае врз моделите на размена на Северна Македонија преку мерење на економските, политичките и културните модели на размена помеѓу различни актери, во контекст на глобализацијата.
2. Да се зголеми разбирањето и да се конципира развојот на процесот на пристапување во ЕУ преку анализа на реалните промени и ефектот што го има врз моделите на перцепција кај граѓаните од Северна Македонија.
3. Да се зајакнуваат капацитетите на граѓанското општество и институциите и другите заинтересирани страни за прашањата поврзани со Европската Унија, јавни политики и креирање јавни политики, како и застапување, вмрежување, стратешко планирање и организациски развој.
4. Да придонесе за регионална соработка и вмрежување на Западен Балкан, како и да учествува во дебатата за иднината на Европа и генерирање идеи на европско ниво.
5. Да ја олесни билатералната соработка помеѓу граѓанските општества во Северна Македонија и Грција и да го зголеми разбирањето за стереотипите преку мерење на трендовите на перцепција, со што ефективно ќе го следи спроведувањето на Договорот од Преспа.

Институтот ПРЕСПА ќе ги спроведе наведените програмски приоритети преземајќи ги следниве активности:

1. Мерење на економските, политичките и културните модели на размена помеѓу различни актери, со што се мери присуството како ефективно позиционирање, во апсолутна смисла.

2. Утврдување на количината на присуството на земјата и неговата природа и воспоставување на солидна основа за мерење на тоа колку се користи тоа присуство за да се добие влијание.
3. Мерење на трендовите на перцепција и стереотипите во контекст на глобализацијата и воспоставување вредности на само-перцепција, надворешна перцепција и внатрешна перцепција.
4. Мерење на економските и политичките промени, како и функционалноста во контекст на пристапувањето во ЕУ преку квантитативни и објективни индикатори.
5. Утврдување на врската помеѓу промените што се случуваат и подобрувањето на квалитетот на животот на луѓето.
6. Одредување на разликата што ќе ја создаде хармонизацијата во однос на правните инструменти и спроведувањето, како и проценка на институционалниот капацитет и финансирањето преку анализи на разликите.
7. Мерење на трендовите на перцепција и стереотипите во контекст на пристапувањето во ЕУ и во однос на силата на реформите и нивното влијание врз животот на луѓето.
8. Развој на алатки за поддршка на следењето на реформскиот процес и пристапувањето во ЕУ и овозможување на учество на јавноста во креирањето политики и во преговорите за пристапување.
9. Развивање алатки и програми за обука за поддршка на развој на вештини и градење на капацитети за европеизација.

# 6. ПРОЕКТИ

| Име на проектот | **ЕУ опсерваторија** |
| --- | --- |
| Улога | Грантист |
| Донатор | **Фондација Отворено Општество Македонија** |
| Вкупен износ на акцијата | 698.373,00 мкд (12.105,00 usd) |
| Датум (од - до) | јуни 2021 – јануари 2022 |
| Опис | Проектот „ЕУ опсерваторија – Поглавје 27" има за цел да придонесе за хармонизацијата со Зелената агенда на Европската Унија, како и кон пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.<br>Притоа преку активностите во рамките на проектот ќе се остварат следните краткорочни цели:<br>- Да се мапираат средствата од ЕУ во кластерот зелена агенда и одржлива поврзаност, особено во поглавјето 27 - животна средина и климатски промени, како и средствата од економско-инвестицискиот план на ЕК претставен со стратегијата за проширување;<br>- Да се приближи до јавноста Зелениот договор на Европската Унија и Зелената агенда за Западен Балкан, како и да се претстави ефектот врз политиките и врз пристапувањето во Европската Унија;<br>- Да утврди методолошки чекори и да направи листа на документи и алатки за следење на хармонизацијата и искористувањето на средствата за хармонизација во однос на Зелената агенда за Западен Балкан и поглавјето 27. |

| Име на проектот | **Опсерваторија на имиџот и влијанието на државите** |
| --- | --- |
| Улога | Грантист |
| Донатор | **Амбасада на САД** |
| Вкупен износ на акцијата | 1.384.386,00 мкд (23.995,00 usd) |
| Датум (од - до) | октомври 2021-јуни 2022 |
| Опис | Проектот е финансиски поддржан во рамките на програмата за „Мали грантови за демократија" и има за цел да придонесе за концептуализирање на процесите на |

| | |
|---|---|
| | глобализација и европеизација, како и за разбирање на надворешната политика. Оттаму, *Индексот за меѓународно присуство* е да ги анализира трендовите на присуство, подемот или падот на одредени држави и поголемата или помалата важност на мекото наспроти другите две форми на присуство. Проектот прави проценка на надворешната политика на овие држави вклучени во пресметката – вложените напори и средства наспроти резултати, профил на присуството по сектор, врската помеѓу присуството и влијанието или пак дистанцата помеѓу објективното присуство и субјективната перцепција. Како резултат на тоа, индексот има за цел да претставува алатка за креирање на надворешна политика. |

| Име на проектот | **Климатски мејнстриминг за праведна транзиција** |
|---|---|
| Улога | Грантист |
| Донатор | **Фондација Отворено Општество Македонија** |
| Вкупен износ на акцијата | 1.800.000,00 мкд (30.000,00 USD) |
| Датум (од - до) | јуни – септември 2022 |
| Опис | Проектот „Климатски мејнстриминг за праведна транзиција“ има за цел да придонесе за хармонизацијата со Зелената агенда на Европската Унија, како и кон пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.<br>Притоа, проектот исполнува три краткорочни цели:<br>- следење на правилното финансиско управување и имплементација на зелените фондови;<br>- да даде препораки за подобрување на конзистентноста на приоритетите за финансирање и законско усогласување; и<br>- да ја подобри усогласеноста на Северна Македонија со целите за одржлив развој. |

# 7. ИЗДАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ

Институт ПРЕСПА во своето едно годишно работење зложи многу внимание да обезбеди кзалитетни изданија и содржина на теми од интерес за граѓаните на Република Северна Македонија, кои произлегуваат од проекти, или пак посебни истражузања кои ги спроведузаат истражувачите во тимот на Институтот. Конечно, истражувачите на Институт ПРЕСПА се јавуваат и како азтори на публикации на други организации.

Во 2021 година направени се следните објави:

1. „**Двојна зелена рамка**" брифинг материјал за подобро разбирање на Зелениот договор и Зелената агенда за Западен Балкан, достапен на: БрифингЗелено;
2. „**Поглавје 27**", брифинг материјал за подобро разбирање и идентификување на подрачјата во поглавјето 27, достапен на: Брифинг27
3. „**Економски и инвестициски план за Западен Балкан**", брифинг материјал за подобро разбирање на економскиот и инвестицискиот план за поддршка на Западниот Балкан и спроведувањето на Зелената агенда, достапен на: БрифингЕИП
4. „**Инструмент за претпристапна помош – ИПА-3**", брифинг материјал за подобро разбирање на инструментот и финансиската рамка за поддршка на пристапувањето на Северна Македонија, достапен на: БрифингИПА-3
5. „**Двојна трансформација на Северна Македонија**", извештај од истражувањето направено во рамките на проектот „ЕУ опсерваторија – Поглавје 27", достапен на: ДвојнаТрансформација

# 8. ИНСТИТУТ ПРЕСПА ВО МЕДИУМИТЕ

Институт ПРЕСПА од објавата на својата прва публикација е присутен во медиумите, со цел по добро информирање на пошироката јавност за резултатите од своите истражувања.

Во 2020 година Институт ПРЕСПА бил присутен во медиумскиот простор преку следниве оорми:

| Локално |
| --- |
| Стојковски: САД и ЕУ со различни концепции за Западен Балкан на Преспа форум |

| Радио МОФ |
| --- |
| 70% од македонските политички ТВ дискусии се „манели“ |

| Слободен печат |
| --- |
| Потребни се засилени реформи кои реално ќе го подобрат животот |

| 24 Вести ТВ |
| --- |
| ОСТАВКАТА НА ЃОРЃИЕВ ОД МЕШОВИТАТА КОМИСИЈА ЌЕ ВЛИЈАЕ НА СИТУАЦИЈАТА |
| ПРЕСПАНСКИОТ ФОРУМ ТРЕБАШЕ ДА ГИ ОБЕДИНИ САД И ЕУ ДА ЗБОРУВААТ ВО ИСТ ГЛАС |

| МКД МК |
| --- |
| Истражување на Преспа Институтот: Законите се добри, ама реформите бавно се спроведуваат |

# 9. ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Институт ППРЕСПА има двостепена структура на управување која ја сочинуваат Собранието на организацијата и Управниот одбор.

Согласно член 22 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, и согласно Статутот на Институт ПРЕСПА Собранието го сочинуваат сите членови на организацијата. Собранието во рамките на своите надлежности ги има донесувањето на статутот, програмата за работа и другите акти, избира органи на здружението, предлага измени и дополнувања на Статутот и Програмата на институтот, усвојувањето на годишниот извештај за работа и финансискиот извештај (завршна сметка), прием на нови членови, статусни промени, избор на претседател на организацијата и Управниот одбор итн.

Управниот одбор го сочинуваат 5 членови вклучувајќи го и претседателот на одборот, избрани за мандат од 3 години. Управниот одбор ги подготвува седниците на Собранието, ги усвојува насоките и годишниот план за работа, годишниот финансиски план, именува Извршен директор итн.

## 1. УПРАВЕН ОДБОР

**Митко СЕВРИЕВСКИ** е претседател на Управниот одбор на Институт ПРЕСПА. Дипломирал на Европскиот универзитет во Скопје.

Митко во моментот работи како проектен координатор на меѓу-граничен проект со Република Грција во областа на здравствената заштита. Тој има речиси петнаесет годишно работно искуство во канцелариско и проектно работење, како менаџер за логистика и финансиски менаџмент за непрофитни организации.

Митко е еден од основачите на Институт ПРЕСПА и член на Управниот одбор од ноември 2019 година. Во август 2020 година бил реизбран за член и претседател на Одборот во мандатниот период 2020-2023.

**Дона КОСТУРАНОВА** е членка на Управниот одбор на Институт ПРЕСПА. Дипломирала на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје.

Дона во моментот работи како програмски менаџер во Вестминстер фондацијата за демократија. Таа има повеќе од десет години професионално искуство во граѓанскиот сектор активистка за младинско вклучување и политики, демократизација и борба против корупцијата, како и членка и активистка на Младинскиот образовен форум. Во МОФ, во период од пет години била претседателка на организацијата, а потоа од 2014 до 2018 и извршна директорка. Како претседателка на МОФ била ко-основач на Радио

МОФ. Таа е еден од основачите на Националниот младински совет на Македонија, чадор организација на младинските организации во земјата и негова прва потпретседателка. Дона има работено на повеќе застапувачки иницијативи во областа на младите, образованието и граѓанското општество во земјата, како и Берлинскиот процес и иницијативата за воспоставување на Регионалната младинска канцеларија за Западен Балкан (РИКО). Таа е алумни на програмите EUVP на Европската Унија во 2019 и IVLP на Американскиот Стејт департмент во 2018.

Дона е членка на Управниот одбор за мандатниот период 2020-2023.

**Тони МАСЕВСКИ** е член на Управниот одбор на Институт ПРЕСПА. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, а магистрирал на Котруљи Бизнис школата во Загреб.

Во моментов Тони работи како деловен консултант и сопственик на консултантската фирма „Три Маркс Контрол" од Скопје. Работејќи во корпоративно банкарство, приватниот сектор, како и локалната самоуправа се стекнал со различни вештини и знаења, а изградил и дваесет годишна кариера. Воедно, Тони има дваесет и пет годишно искуство во граѓанскиот сектор, почнувајќи од Националниот сојуз на студенти, Европска куќа Скопје и Спортски центар Скопје.

Тони е еден од основачите на Институт ПРЕСПА и член на Управниот одбор од ноември 2019 година. Во август 2020 година е реизбран за член на Одборот во мандатниот период 2020-2023.

**Ида ПРОТУГЕР ВЕЉКОВИЌ** е членка на Управниот одбор на Институт ПРЕСПА. Дипломирала психологија на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Ида има повеќе од 20 години кариера во новинарството, главно на уреднички позиции во повеќе електронски и печатени медиуми. Кариерата ја почнува во агенцијата МИА, а потоа работи и во Канал 5, Дневник, Алфа ТВ и неделникот Граѓански. Таа е активен учесник и во граѓанското општество, со ангажман за демократизација на општеството и унапредување на човековите права. Учествувала во процесот за демократизација на Здружението на новинарите и била претседател на Етичкиот комитет при ЗНМ. Како ко-автор учествувала во изданијата „Црниот понеделник" и „Што е груевизам". Во 2015 година се сели во Виена, Австрија каде се дообразува и сега работи како сертифициран тренер за личен развој и за системски развој на организации и компании.

Ида е членка на Управниот одбор за мандатниот период 2020-2023.

**Владимир МИРЧЕСКИ** е член на Управниот одбор на Институт ПРЕСПА. Дипломирал на студиите по новинарство на Правниот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Владимир зад себе има повеќе од 20 години новинарска кариера. Професијата ја започнал во пишаните медиуми во средината на 1990-тите, за по кус период да се преорли во телевизиско новинарство. Бил дел од тимовите на надворешно-политичките редакции во некои од највлијателните национални телевизии во државата. Во периодот 1998-1999 и потоа повторно од 2002 до 2003 бил дел од тимот на А1 ТВ. Додека, од 2000 до 2002 и повторно од 2003 до 2009 бил дел од тимот на Канал 5 ТВ. Поминал четири години (2009-2013) како дел од тимот на ТВ Алфа, а бил една година и дел од порталот Либертас (2013-2014).

Од 2014 година е дел од емисијата „360 Степени" што се емитува на ТВ Алсат, а од 2016 година е дописник на Гласот на Америка на македонски јазик.

Владимир е член на Управниот одбор за мандатниот период 2020-2023.

## 2. ЧЛЕНОВИТЕ НА ТИМОТ

**Андреја СТОЈКОВСКИ** е извршен директор на Институтот ПРЕСПА. Завршил додипломски студии на Правниот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а како стипендијант на Агенцијата за меѓународна соработка и развој на Кралството Шпанија магистрирал право на Европската Унија на Универзитетот Карлос III во Мадрид.

Андреја има дваесетгодишно работно искуство во институциите, како национален правен експерт на повеќе проекти во областа заштита на животната средина, во високото образование, како и во граѓанскиот сектор. По завршувањето на студиите, започнал со работа во Одделението за европски интеграции, при Генералниот секретаријат на Владата, каде бил задолжен за областа правда и внатрешни работи, а работел и на хармонизација на законодавството и подготовката на Првата национална програма за приближување на законодавството. Од октомври 2006 до август 2018 година бил дел од граѓанското општество, активно застапувајќи се за европеизација на општеството и пристапување во Европската Унија. Учествувал активно во повеќе формални консултативни процеси на државите-членки на Европската Унија, како и на Европската комисија. Го координирал подрачјето за контрола врз полицијата и агенциите за безбедност и (контра)разузнавање од предлогот за итни реформски приоритети на Блупринт групата, а бил избран и за конститутивен член на Советот за соработка со и развој на граѓанското општество на Владата на Република Северна Македонија. Во периодот од 2009 до 2015 бил асистент и предавач на Универзитетот американски колеџ Скопје, додека во периодот

на објаснувачкиот скрининг, бил дел од Преговарачкиот тим за пристапување во Европската Унија како заменик на главниот технички преговарач.

Како дел од граѓанското општество учествувал во повеќе процеси, а ја претставувал државата во истражувачки проекти и конференции.

Андреја е еден од основачите на Институтот ПРЕСПА, а од декември 2019 година е ***извршен директор*** на институтот.

**Зорана АНТОВСКА**е асистент истражувач и сепцијалист за комуникации во Институт Преспа. Завршила додиплосмки студии на Политичките студии на Правниот факултет Јустинијан први во Скопје, а запишала и постдипломски студии на истиот универзитет.

Јована е член на тимот на Институт ПРЕСПА од Јануари 2021 година.

## 3. НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ

**Диана ЖУПАНОСКА** е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институтот ПРЕСПА. Завршила додипломски студии на Правниот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а потоа и магистерски студии по право на Европската Унија на Институтот Европа при Универзитетот во Зарланд. Во 2012 година го положила и правосудниот испит.

Диана има повеќе од десет години професионално искуство во правосудството и во граѓанскиот сектор, а стекнала и значително истражувачко искуство преку учеството во повеќе проекти во областите реформа на јавната администрација, темелни права и демократизација.

Во периодот од ноември 2019 до август 2020 година, Диана беше претседателка на Управниот одбор на Институт ПРЕСПА.

Диана е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институт ПРЕСПА од август 2020 година.

**Горан ЛАЗАРОВ** е надворешен соработник и постар истражувач во Институтот ПРЕСПА. Завршил додипломски студии на Правниот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а запишал и постдипломски студии по деловно право на истиот универзитет.

Горан има седум годишно работно искуство во проектна координација и имплементација. Во рамките на својата работа Горан особено бил активен во истражувања на јавното мислење и истражувања во општествени науки, како и мониторинг и евалуација на јавни политики и анализа на податоци.

Горан е надворешен соработник и постар истражувач во Институтот ПРЕСПА од април 2020 година.

**Мартин НАЦЕВСКИ** е надворешен соработник-истражувач на Институтот ПРЕСПА. Дипломирал на Универзитетот ФОН во Скопје, а потоа како дел од меѓународна програма за двојна диплома на Правниот факултет „Јустинијан први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Стразбур магистрирал право на интелектуална сопственост. Во 2020 година го положил правосудниот испит.

Мартин во моментов е ангажиран на проект на Програмата за развој на ООН и Регионалниот совет за соработка, во рамките на Берлинскиот процес посветен на поглавјето 24 – Слобода, безбедност и правда. Тој има повеќегодишно професионално искуство од проекти и истражувања поврзани со имплементацијата на правото на Европската Унија во Северна Македонија во областите на социјалната политика и вработувањето, како и правосудство и темелни права. Во периодот од една година, од октомври 2016, остварил студиско-работен престој во Канцеларијата за интелектуална сопственост на Европската Унија (EUIPO) во Аликанте, Шпанија. По основањето, во период од 10 месеци, почнувајќи од март 2019, бил ангажиран во проектната единица во Канцеларијата на главниот технички преговарач за пристапување во Европската Унија.

Мартин е еден од основачите на Институтот ПРЕСПА, а бил избран и за прв претседавач на Собранието на Институтот.

**Лепосава ОГЊАНОСКА** е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институтот ПРЕСПА. Таа е докторанд на Правниот факултет „Јустинијан Први"при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломирала, а во 2016 година го одбранила магистерскиот труд на тема од поглавјето 23 и проширувањето.

Лепосава има професионално работно искуство од повеќе од 6 години. Има работено на повеќе меѓународни проекти во тинк-тенк организации поврзани со демократското управување и владеењето на правото. Во 2016 година била ангажирана како млад истражувач во рамките на TRAIN програмата спроведена од Германскиот совет за надворешни односи од Берлин. Таа има положено правосуден испит, како значително искуство во областа на правосудството стекнато во јавнообвинителската служба во државата на предмети од организиран криминал и висока корупција.

Нејзино поле на истражувачки интерес е продлабочувањето и прелевањето на процесот на европска интеграција и заштитата на владеењето на правото во тој контекст, правосудството како област од поглавјето 23 од aquis-от на Унијата, политиката на проширување и особено

политиката на условеност, европеизацијата и трансформативната моќ на Унијата.

Лепосава е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институт ПРЕСПА од декември 2020 година.

**Ивана ЈОРДАНОВСКА** е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институтот ПРЕСПА. Завршила дипломски студии по политички науки со специјализација во областа трансатлантски односи од Институтот за политички науки во Парис (SciencesPo), а потоа магистрирала надворешни односи на Универзитетот на Њујорк каде била стипендијант на програмата Фулбрајт.

Нејзиното професионално искуство вклучува работа за Вестминстер фондацијата за демократија и Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина, каде што работела на темите парламентарен надзор и справување и спречување на насилниот екстремизам. Во периодот 2017-2018 Ивана била советник за соработка со меѓународни организации на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Нејзините истражувачки интереси вклучуваат трансатлантски односи, демократизација, соработка помеѓу авторитарни режими и родова еднаквост.

Ивана е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институт ПРЕСПА од декември 2020 година.

**Огнен ВАНГЕЛОВ** е надворешен соработник и постар истражувач во Институтот ПРЕСПА. Завршил дипломски студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а магистрирал на Универзитетот во Денвер во САД, како стипендист на американската влада преку програмата Рон Браун. Докторирал на Квинс универзитетот во Канада во областа на политичките науки како стипендист на канадската влада преку програмата Онтарио Трилиум и програмата Ваније за постдипломски студии.

Тој има околу 15 години работно искуство во образованието и научно-истражувачката работа, како и искуство од тинк-тенк организации. Има учествувано на повеќе меѓународни научни конференции и има објавувано научни трудови во меѓународни научни списанија како и во меѓународни списанија за поширока професионална публика како ForeignAffairs. Во моментот предава предмети од областа на политичките науки на Универзитетот Американски колеџ во Скопје, а истовремено е и дел од повеќе меѓународни истражувачки проекти при Центарот за демократија и разновидност на Квинс универзитетот во Канада.

Неговите истражувачки интереси се во областите компаративна политика, демократизација и национализам.

Огнен е надворешен соработник и постар истражувач во Институтот ПРЕСПА од декември 2020 година.

**Кристијан ФИДАНОВСКИ** е надворешен соработник и истражувач на Институтот ПРЕСПА. Тој е докторанд во областа на социјалните политики на Универзитетот во Оксфорд, каде го истражува дискурзивното врамување, финансискиот обем и наталитетските ефекти кои произлегуваат од детските додатоци во некои држави на Балканот и во источна Европа. Покрај докторските студии, Кристијан работи и како хонорарен истражувачки асистент кај проф. Тимоти Гартон Еш за очекувањата кои младите ги имаат од Европската унија.

Роден и израснат во Скопје, Кристијан заврши додипломски студии во областа на политичките науки и источноевропските студии на Универзитетскиот колеџ Лондон во 2017, а потоа и постдипломски студии во истиот домен на Универзитетот Џорџтаун. Професионално, Кристијан има работено за Канцеларијата за транзициски иницијативи на УСАИД во Скопје, стажирано при Американската адвокатска комора во Вашингтон и предавано како гостински предавач при Универзитетот Американ Колеџ во Скопје.

Кристијан има пишувано на англиски јазик за New Eastern Europe, Balkan Insight, Oxford Political Review, Quillette, The New Federalist и The Vostokian, но и на македонски јазик за Република и Окно. Во своите медиумски настапи, како и во своите активности преку дијаспорската мрежа Форум за Демократска Македонија во Вашингтон, Кристијан беше силен поборник за решение на македонско-грчкиот спор за името во 2018 година.

Кристијан е надворешен соработник и истражувач во Институтот ПРЕСПА од јуни 2021 година.

**Мартин НАУНОВ** е надворешен соработник и истражувач на Институтот ПРЕСПА. Тој е докторант по политички науки на Универзитетот во Северна Каролина во Чапел Хил (UNC), специјализиран за компаративна политичка психологија и квантитативни методи. Неговото истражување се фокусира на психолошките механизми кои ги поткопуваат нелибералните ставови и однесувања како што е нетолеранцијата на луѓе со различни идентитети и мислења. Мартин има диплома по политички науки од Мидлбери колеџот (Вермонт, САД) и магистерска титула од UNC.

Надвор од академската заедница, Мартин работел како истражувач за УСАИД и за Прашкиот институт за безбедносни студии. Мартин, исто така, работел како консултант за анализа на податоци на македонскиот министер за надворешни работи, истражувачки асистент во Џонс Хопкинс – SAIS и бил соработник за првиот амандман 2017-2018 година во корпорацијата Медиа Херст во Њујорк.

Мартин е надворешен соработник и истражувач во Институтот ПРЕСПА од декември 2021 година.

**Елмас ХАСАНОВИЌ** е надворешен соработник и истражувач на Институтот ПРЕСПА. Дипломирал криминологија на Факултетот за безбедност – Скопје, дипломирајќи со највисоки почести. Своите магистерски студии ги продолжил во Соединетите Американски Држави на Државниот универзитет во Северна Каролина, како Фулбрајт стипендист, каде што специјализирал во областа на меѓународните студии и науката и политиката за неширење нуклеарно оружје.

Неговата експертиза лежи во владината политика и регулатива, меѓународната безбедност и контролата на оружјето; нуклеарното неширење, руското влијание и прокси активностите на Балканот, и има нијансирано разбирање на политичките и безбедносните околности на Балканот. Во 2020 година, Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје му додели Благодарница за неговиот придонес за интеграцијата на Република Северна Македонија во НАТО, вклучително и благодарница и НАТО плакета за придонесот на Инфо центарот.

Елмас има стажирано во Дјук Центарот за меѓународен развој (DCID) на Универзитетот Дјук и работилница за непролиферација на OINS во Националната лабораторија Оук Риџ во Тенеси, Соединетите Американски Држави. Тој е член на алумни мрежата на Џорџ К. Маршал, мрежата на алумни на Фулбрајт и на Младинската мрежа за европска демократија (EDYN).

Елмас е надворешен соработник и истражувач во Институтот ПРЕСПА од декември 2021 година.

# 4. ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД

Завршната сметка која се поднесува до Управата за јавни приходи во согласност со Законот за сметкозодство на непрофитните организации (Службен весник на Република Македонија 24/2003) е составен дел на овој годишен извештај.

ЕМБС: 07402830
Целосно име: Здружение на граѓани за истражување за меѓународните односи и европски прашања "ИНСТИТУТ ПРЕСПА" - Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

**Биланс на приходи и расходи**

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 143.499,00 | | | 888.817,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 5.912,00 | | | 47.625,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 3.904,00 | | | 9.463,00 |
| 204 | - - Други услуги | 133.683,00 | | | 734.280,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | | | | 2.400,00 |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | | | | 1.300,00 |
| 207 | - - Амортизација | | | | 38.999,00 |
| 209 | - - Наемнини | | | | 54.750,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 446.708,00 | | | 1.437.298,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 32.849,00 | | | 26.342,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | | | | 34,00 |
| 219 | - - Други расходи | 413.859,00 | | | 1.410.922,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 857.687,00 | | | 592.937,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 857.687,00 | | | 592.937,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 1.447.894,00 | | | 2.919.052,00 |

https://e-submit.crm.com.mk/aaol/Admin/GenerateAAPreview.aspx?aaid=HxGjA6MSs6ebTrP8eUu4Kg%3d%3d&uid=mnt9lMz...

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 976.762,00 | | | 46.040,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 976.762,00 | | | 46.040,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 2.424.656,00 | | | 2.965.092,00 |
| **243** | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 7.667,00 | | | |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.137.833,00 | | | 1.985.730,00 |
| **247** | - - Други приходи | | | | 2.600,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 279.156,00 | | | 976.762,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249 | 2.424.656,00 | | | 2.965.092,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 2.424.656,00 | | | 2.965.092,00 |
| **438** | - - Број на работници | 1,00 | | | 1,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | | 38.999,00 | 1.040,00 | 37.959,00 |
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | | 38.999,00 | 1.040,00 | 37.959,00 |
| **7** | - - Други материјални средства | | 38.999,00 | 1.040,00 | 37.959,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 976.762,00 | 46.039,00 | | 46.039,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 976.762,00 | 46.039,00 | | 46.039,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 976.762,00 | 46.039,00 | | 46.039,00 |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 976.762,00 | 85.038,00 | 1.040,00 | 83.998,00 |
| **44** | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | | | | 37.959,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 45 | - - Деловен фонд | | | | 37.959,00 |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 976.762,00 | | | 46.039,00 |
| 64 | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 976.762,00 | | | 46.039,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 976.762,00 | | | 83.998,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 675 | - - Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 354.339,00 | | | 940.179,00 |
| 680 | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 857.687,00 | | | 592.937,00 |
| 681 | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 182.743,00 | | | 166.021,00 |
| 682 | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 37.379,00 | | | 32.144,00 |
| 687 | - - Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР) | 7.667,00 | | | |
| 688 | - - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР) | 2.137.833,00 | | | |
| 691 | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | | | | 1.985.730,00 |
| 695 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1,00 | | | 1,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 351 | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 976.762,00 | | | 46.040,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 353 | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 976.762,00 | | | 46.040,00 |
| 358 | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 976.762,00 | | | 46.040,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2598 | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 2.965.092,00 |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.